**20081593296**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 декември 2008 година.

Бр. 07-5620/1
19 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Член 1

Во Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" број 16/2004, 128/2006, 63/2007 и 88/2008), во членот 49 став 1 по точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

"6) на посебно организирани пазари врши трговија на стоки кои не се наведени во членот 15 од овој закон;".

Точките 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 стануваат точки 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15.

Член 2

По членот 53 се додава нова Глава VII и нов член 53-а, кои гласат:

"VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 53-а

Тој што како одговорно и/или службено лице во правно лице ќе издава продажни места на лица без да се регистрирани во соодветен регистар ќе се казни со казна затвор во траење од една до пет години.

Тој што како одговорно и/или службено лице во правно лице овозможува продажба на производи спротивно на членот 15 од овој закон ќе се казни со казна затвор во траење од една до пет години."

Член 3

Членот 55 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 13.000 до 16.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) без да е регистриран во соодветниот регистар согласно со закон врши трговија и дава услуги во трговијата (член 2 став 2);

2) на зелените пазари и посебно организираните делови на зелените пазари врши трговија на големо и мало на други стоки кои не се определени од страна на советот на општината, односно од градот Скопје (член 13 став 4);

3) не обезбеди фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места кои се должни да го користат од моментот на пуштање на продажното место во работа, согласно со закон (член 14 став 1);

4) ги издава продажните места на лица кои не се регистрирани во соодветниот регистар, односно не се евидентирани согласно со закон и кои немаат обезбедено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, освен ако поинаку не е уредено со закон (член 14 став 2);

5) на посебно организирани пазари врши трговија на стоки кои не се наведени во членот 15 од овој закон и

6) не се придржува на мерките од членот 30 на овој закон.

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 точки 1, 2, 3, 5 и 6 на овој член.

Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска пртиввредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 точки 1, 2, 3, 5 и 6 на овој член.

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот 1 точки 1 и 5 на овој член.

Кога прекршокот од ставот 1 на овој член е сторен со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица или во текот на календарската година сторителот го повтори прекршокот од ставот 1 на овој член, надлежниот суд може да изрече глоба во износ од 15.000 до 21.000 евра во денарска пртиввредност.

Доколку постои опасност правното лице за дејствијата од ставот 1 точки 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член да изврши повторен прекршок може да му се изрече санкција привремена забрана на вршење одделна дејност во траење од три до пет години.

За прекршокот од ставот 1 точки 4 и 5 на овој член ќе се одземе и имотната корист која е остварена со сторување на прекршокот.

Државниот пазарен инспектор, пред да поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоците од овој член, може да издаде платен налог во согласност со Законот за прекршоците.”

Член 4

Во членот 56 став 1 точката 1 се менува и гласи:

“1) ја врши трговската дејност без да се исполнети пропишаните минимално технички услови, како и другите услови пропишани во закон во зависност од видот и начинот за вршењето на трговијата (член 22 став 1);“.

Во ставот 1 точките 3 и 4 се бришат.

Точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 ,14 и 15 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.